Бр: 03-221/2
Скопје: 30.12.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 30.12.2020 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за македонската банка за поддршка на развојот со кој се планира да се воспостави државна гарантна шема преку Развојната Банка на Република Северна Македонија со формирање на Гарантен фонд кој преку издавање гаранција ќе им помогне на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во непречено финансирање на тековните активности и потребата за обртен капитал, според Комисијата за заштита на конкуренцијата претставува **шема на помош** која треба да биде усогласена со Белешката на Европската Комисија за примена на членовите 87 и 88 од Договорот на Европската Комисија за државна помош во форма на гаранции (Commission Notice on the application of Articles 87 and 88 of the EC Treaty to State aid in the form of guarantees – EUR-Lex – 52008XC0620(02) - во натамошниот текст Белешка).

Усогласувањето со Белешката особено се однесува на следните делови од Предлог Законот:

- државната гаранција да подразбира дека ќе се обезбеди за претпријатија кои исполнуваат услови, кај кои постои кредитен рејтинг и можност за проценување ризик, потоа за ограничен временски период и за одреден максимален износ. Неограничените гаранции се некомпатибилни со член 87 од Договорот на ЕЗ.

- членот 13-г став (2) од Предлог Законот со кој се предвидува дека корисници на гаранции може да бидат ММСП, како и големи трговци кои вршат извоз регистриран во Република Северна Македонија е во спротивност со точката 1.3 од Белешката

- зависно од тоа дали станува збор за индивидуални гаранции или гаранциски шеми, треба да се процени дали (не)се присутни условите наведени во точката 3.2. (индивидуални гаранции) и 3.4. (гаранциски шеми) од Белешката за да се одреди дали (не)постои државната помош во издадените гаранции. Поаѓајќи од оваа, кај **индивидуалните шеми** исполнувањето на условите наведени во точката

3.2. од Белешката подразбираат отсуство на државна помош за дадената државна гаранција, а тоа се: а) претпријатието да не е во финансиска потешкотија; б) обемот на гаранцијата може правилно да се измери во моментот кога ќе се дава (гаранцијата мора да биде поврзана со одредена финансиска трансакција, за фиксен максимален износ и ограничен во време); в) гаранцијата не опфаќа повеќе од 80% од заостанатиот заем или други финансиски средства (како што ќе се намали долгот и гаранцијата да не покрива повеќе од 80% од заостанатиот заем или финансиска обврска, но и пропорционално покривање на загубите помеѓу заемодавателот и државата) ; д) дадената гаранција треба да се надомести со соодветна премија.

Додека кај **гарантните шеми** (точка 3.3. од Белешката) исполнувањето на подолунаведените услови ќе ја исклучува присутноста на државна помош: а) шемата да не им се овозможува на должници кои имаат финансиски потешкотии ; б) обемот на гаранциите може правилно да се измери во моментот кога ќе се дават (гаранциите мора да бидат поврзани со специфични финансиска трансакци, за фиксен максимален износ и временски ограничени ); в) гаранциите не покриваат повеќе од 80% од секој заостанат заем или други финансиски обврски ; г) условите на шемата се засноваат на реална проценка на ризикот така да премиите платени од страна на корисниците го прават самофинансирање ; д) прилагодување на премиите со цел да се има соодветна и прогресивна проценка на аспектот на самофинансирање на шемата ; ѓ) за да се третират како пазарни, премиите што се наплатуваат треба да ги покриваат нормалните ризици поврзани со доделување на гаранција, административни трошоци на шемата и годишно надоместок на соодветен капитал.
Генерално во Белешката е наведено дека било да станува збор за индивидуална гаранција или за гарантна шема, ако гаранцијата издадена од државата не подразбира било каква поволност за претпријатието, таа нема да претставува државна помош

- проценка на гарантните шеми за МСП (точка 3.5 од Белешката) и начинот на одредување на премиите

После усогласувањето со Белешката, Министерството за финансии има обврска за доставување на веќе донесениот Закон (со кој е изменет и дополнуван основниот Закон за македонската банка за поддршка на развојот) како и пополнетиот образец Известување за планирано доделување помош согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11).

По исполнување на ваквата законска обврска на Министерството за финансии, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе започне со испитување на доставеното

Известување и оценување на мерката дали претставува државна помош, при што за тоа ќе донесе Решение.

Заради оценување на мерката од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за финансии во Известување треба да даде податоции и информации во врска со интензитетот на помошта, карактеристиките на корисниците и целите што се следат за имплементирање на таквите мерки предвидени во Предлог-Законот. Ваквите податоци ќе и овозможуваат на Комисијата за заштита на конкуренцијата за оценување на ефектите на предложената мерка за воспоставување гарантна шема, но и да одреди дали планираната мерка подразбира de minimis помош заради малиот износ на помошта.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**